МЕТАМОРФОЗИС

Фондација за одржливи информатички решенија

*Телефонско истражување за:*

# Оценката за начинот на пријавување за работа како државен службеник

***Мај-јуни 2007***

**Издавач**

**Фондација Метаморфозис**

**ул. Наум Наумовски Борче 88а**

**1000 Скопје, Македонија**

**www.metamorphosis.org.mk**

**info@metamorphosis.org.mk**

**Уредник:**

**Бардил Јашари**

**Координатор на истражувањето:**

**Ана Трповска**

**Статистичка анализа и автор на текстот:**

**Ивана Ивановиќ**

**Тим за теренска работа:**

**Дона Џамбаска**

**Амела Тариќ**

# Содржина

Вовед ........................................................................................................1
Теренска работа........................................................................................1
Големина на примерокот и процедура за селекција...................................................1
Обработка на податоци...............................................................................2
Главни наоди од истражувањето...................................................................2
Општи фрекфенции.....................................................................................6

## Вовед

Овој дел од извештајот содржи опис на методологијата и процедурата користена во спроведувањето на телефонското истражување за оценката за начинот на апицирање за работа како државен службеник.

Прашалникот за телефонското интервју беше конструиран од сет прашања кои се однесуваат на предностите и недостатоците при он-лајн аплицирањето за работа.

Од одговорите на поставените прашања, може да се здобијат релевантни информации за транспарентноста на системот, довербата на апликантите кон него како и проблемите во било која фаза од користењето на системот од аплицирање до тестирање.

Во истражувањето беа ангажирани два обучени анкетари, телефонисти.

## Теренска работа

Од 18^ти^ до 22^ри^ Мај, Фондацијата Метаморфозис, спроведе телефонско истражување меѓу апликантите  за работа како државен службеник.

## Големина на примерокот и процедура за селекција

Предвидениот и реализиран нерепрезентативен примерок опфати **108** испитаници-апликанти за работа како државни службеници. Истражувањето се спроведе на територија на Република Македонија. Испитаниците беа бирани случајно (random) од списоците на кандидати кои аплицирале за работа во Агенцијата за државни службеници на РМ.

Во однос на полот на испитаниците кои земаа учество во ова истражување, нивната распределба е 65 жени и 43 мажи.

## Обработка на податоци

За обработка и анализа на податоците беше користен професионален software пакет SPSS 9 за Windows. За составување на рапортот и табелите користен е SPSS за Windows, Microsoft OFFICE за Windows (Word) и Internet Explorer (HTML формат).

## Главни наоди од истражувањето

Од вкупниот број на испитаници (108), кои земаа учество во ова телефонско истражување, 54 односно 50% се изјасниле дека за работното место за државен службеник дознале преку редовно проверување на web страната на агенцијата за државни службеници. Овој факт преставува потврда за корисноста од постоењето на интернет можност за апликација за работа од стана на агенцијата за државни службеници но и секако висока пенетрација на користење интернет меѓу популација во РМ воопшто. Втората половина од испитаните граѓани за отворената можност за аплицирање за работа дознале преку оглас во весник (45%). Само 5% од испитниците за работното место дознале преку препорака од пријател.

Од двете можни опции за аплицирање за работа, преку интернет аплицирале вкупно 95 односно 88% од испитаната популација.

Од вкупниот број на апликанти преку интернет, за постоењето на он-лајн системот во највисок процент дознале преку интернет (44.3%), потоа преку оглас за вработување 22.7%, преку дневен печат 17.5% и преку пријатели 15.5% од испитаните граѓани. Најфрекфентно апликациите биле испраќани од домовите на апликантите (53.6%), потоа од интернет кафеа (23.7%) од работа испратиле 12.4% од испитаниците и 7.2% од кај пријатели.

Со потешкотии при користењето на системот за аплицирањето се сретнале незабележителнни само 4 испитани граѓани од вкупно 108 и тоа двајца во однос на изнаоѓањето на конкретното работно место и по еден во однос на отворање на web страната и поднесувањето на апликацијата. Кај сите испитани кои се сретнале со проблем, истиот го надминале со асистенција на пријател.

Приближно изедначен процент на испитани граѓани (43.3% Да, 56.7% Не) се забележува во однос на прашањето за користење на симулацијата за тестирање

при пријавување.  Имено, оние кои позитивно се произнеле во однос на користењето во 90.5% случаи сметаат дека истата била корисна од кои пак се издвојуваат 39.8% кои тестирањето од технички аспект го оцениле како лесно (агрегирани одговорите многу лесно и лесно). На потешкотии наишле 5.6% од испитаниците. Скептичноста на испитаниците која се огледа преку одговорите на прашањата за довербата во резултатите од тестирањето е на ниско ниво и изнесува 5.6%. Сите негативни одговори се однесуваат на недовредбата кон системот. Останатиот процент од 39.8% позитивни одговори ја покажува довербата која апликантите ја изразуваат кон резултатите од он-лајн тестирањето. Исто така во овој аспект на доверба може да се приклучат и високиот процент на позитивни одговори (69.4%) кои се однесуваат на вербата дека апликација била објективно оценета. Низ призма на недоверба гледаат 10.2% од  испитаниците додека пак 20.4% не се во состојба да искреираат став по однос на објективноста во оценувањето на апликацијата.

Од друга страна пак оние кои не ја користеле симулацијата за тестирање при пријавување, тоа не го сториле поради неинформираност (една половина од одговорите) дека воопшто постои и една половина од одговорите отпаѓа на нивната незаинтересираност да бидат подложни на тестирање. Токму овој процент на испитаници кој се однесува на оние кои не ја користеле симулацијата за тестирање при пријавување не се ниту во можност за оцена на едноставноста на тестирањето од технички аспект.

Дека системот за  пријавување он-лајн наидува на прием кај испитаниците говори фактот дека 94.7% од сите испитани (кои аплицирале преку интернет), одговориле дека неговото користење е лесно (агрегирани одговорите многу лесно и лесно). Малку потешко справување со системот исразиле само 5.2%.

Праќањето по пошта на документите за апликација за работа ја искористиле само 10% од испитаниците. Од нив како најчеста причина ја истакнуваат неинформираноста како да го сторат тоа и недовербата во интернетот воопшто.

Воопштеното прашање кое се однесува на сите испитаници и нивното претходно искуството за аплицирање за работно место како државен службеник ни

илустрира повторно приближна поделеност а оние со претходно искуство (43.5%) и оние кои прв пат аплицираат за вакво работно место (56.6%).

Испитаниците кои се во состојба да направат компарација и кои имаат претходно искуство со аплицирање за работно место како државен службеник, новиот систем во 63.8% случаи го оценуваат како потранспарентен. За ист како претходниот го оценуваат 10.6% и за помалку транспарентен 8.5% од испитаниците со претходно искуство. Неможност за споредбен изказ во однос на системот изразиле 17% од испитаниците.

Од вкупно 49 испитаници кои се регистрирале во системот по тестирањето, тоа успешно го сториле само 21 од нив (односно 42.9%). Со потешкотии се сретнале 28 испитаници (односно 57.1%) и тоа како најфрекфентни причини беа истакнати "Не знаев дека можам" вкупно 19 испитаници и "Не знам како" вкупно 5 испитаници. Во однос на прашањето кое се однесува на било каков технички проблеми, (во било која фаза од користењето на системот од аплицирањето до тестирањето), приближно сите (98%) испитаници оцениле дека потешкотиите се сепак изоставен дел од он-лајн аплицирањето.

Отпорот кон повторно он-лајн аплицирање за работа (за која секако ги задоволуваат критериумите) од вкупно 108 испитаници е застапен кај само шестмина односно 5.6%. Негативниот имиџ кон интернет аплицирањето за работа кој што создава негативно ехо во јавноста иако е изразен кај мал број испитаници сепак не треба да се занемари. Проблематичноста и неприфатливоста кај оние на кои не им се допаѓа системот се однесува пред се на; неверодостојноста, несигурност дека е добиена апликацијата, проблеми со web-сајтот, недоволни и неточни информации на сајтот, процесот на селектирање, долго чекање на одговор/резултати, неможност да се прикачи документ за дополнување на апликација итн.

За да се амортизираат изворите на незадоволство и создавање на лош имиџ на он-лајн аплицирањето, неопходно е јакнење на столбовите на доверба кај јавноста дека и овој вид на аплицирање е исто така веродостоен како и останатите.

Она што граѓаните го истакнуваат како врвен приоритет во аплицирањето за работа преку он-лајн системот на агенцијата за државни слубеници е; брзината и едноставноста  за пријавување. Како други наведени причини од испитаниците

за полезноста на системот наведени се; достапноста во секое време, можноста за проверка на многу работи, разбирливоста, начинот на организација, регуларноста, објективноста, непотребност за плаќање на поштарина и итн.

# Општи фрекфенции

Q1 **Како дознавте за работното место?**

| | | Фреквенција | Проценти | Валидни проценти | Кумулативни проценти |
|---|---|---|---|---|---|
| | ***1 Редовно проверување на веб-сајтот: www.prijava.ads.gov.mk*** | 54 | 50.0 | 50.0 | 50.0 |
| | ***2 Оглас во весник*** | 49 | 45.4 | 45.4 | 95.4 |
| | ***3 Од пријател*** | 5 | 4.6 | 4.6 | 100.0 |
| | Тотал | 108 | 100.0 | 100.0 | |

Q2 **Како аплициравте?**

| | | Фреквенција | Проценти | Валидни проценти | Кумулативни проценти |
|---|---|---|---|---|---|
| | ***1 Преку интернет*** | 95 | 88.0 | 88.0 | 88.0 |
| | ***2 По пошта*** | 11 | 10.2 | 10.2 | 98.1 |
| | ***3 И преку интернет и преку пошта*** | 2 | 1.9 | 1.9 | 100.0 |
| | Тотал | 108 | 100.0 | 100.0 | |

Q3 **Како дознавте за онлајн системот?**

| | | Фреквенција | Проценти | Валидни проценти | Кумулативни проценти |
|---|---|---|---|---|---|
| | ***1 Онлајн*** | 43 | 39.8 | 44.3 | 44.3 |
| | ***3 Од статии во весник*** | 17 | 15.7 | 17.5 | 61.9 |
| | ***4 Оглас за вработување*** | 22 | 20.4 | 22.7 | 84.5 |
| | ***5 Пријател*** | 15 | 13.9 | 15.5 | 100.0 |
| | Тотал | 97 | 89.8 | 100.0 | |
| Мисинг | варијабли | 11 | 10.2 | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Тотал | 108 | 100.0 | | |

Q4 **Зошто одлучивте да не се пријавите преку Интернет?**

| | | Фреквенција | Проценти | Валидни проценти | Кумулативни проценти |
|---|---|---|---|---|---|
| | ***2 Не верувам во интернет*** | 4 | 3.7 | 36.4 | 36.4 |
| | ***3 Немам пристап до интернет*** | 2 | 1.9 | 18.2 | 54.5 |
| | ***4 Знаев дека можам ама не знаев како*** | 4 | 3.7 | 36.4 | 90.9 |
| | ***5 Не ја знаев лозинката*** | 1 | .9 | 9.1 | 100.0 |
| | Тотал | 11 | 10.2 | 100.0 | |
| Мисинг | варијабли | 97 | 89.8 | | |
| Тотал | | 108 | 100.0 | | |

Q5 **Од каде аплициравте?**

| | | Фреквенција | Проценти | Валидни проценти | Кумулативни проценти |
|---|---|---|---|---|---|
| | ***1 Од дома*** | 52 | 48.1 | 53.6 | 53.6 |
| | ***2 Од работа*** | 12 | 11.1 | 12.4 | 66.0 |
| | ***3 Од интернет кафе*** | 23 | 21.3 | 23.7 | 89.7 |
| | ***4 Од кај пријател*** | 7 | 6.5 | 7.2 | 96.9 |
| | ***6 Од фондација*** | 1 | .9 | 1.0 | 97.9 |
| | ***7 Од општина*** | 1 | .9 | 1.0 | 99.0 |
| | ***8 Ресурсен центар на НВО-а*** | 1 | .9 | 1.0 | 100.0 |
| | Тотал | 97 | 89.8 | 100.0 | |
| Мисинг | варијабли | 11 | 10.2 | | |
| Тотал | | 108 | 100.0 | | |

Q6 **Дали Ви беше потребна помош при користење на системот?**

| | | Фреквенција | Проценти | Валидни проценти | Кумулативни проценти |
|---|---|---|---|---|---|
| | ***1 Не*** | 93 | 86.1 | 95.9 | 95.9 |
| | ***2 Да*** | 4 | 3.7 | 4.1 | 100.0 |
| | Тотал | 97 | 89.8 | 100.0 | |
| Мисинг | варијабли | 11 | 10.2 | | |
| Тотал | | 108 | 100.0 | | |

Q7 **Во кој дел од процесот Ви беше потребна помош?**

| | | Фреквенција | Проценти | Валидни проценти | Кумулативни проценти |
|---|---|---|---|---|---|
| | ***1 Отворање на веб-сајтот*** | 1 | .9 | 25.0 | 25.0 |
| | ***2 Наоѓање на конкретно работно место*** | 2 | 1.9 | 50.0 | 75.0 |
| | ***4 Поднесување на апликацијата*** | 1 | .9 | 25.0 | 100.0 |
| | Тотал | 4 | 3.7 | 100.0 | |
| Мисинг | варијабли | 104 | 96.3 | | |
| Тотал | | 108 | 100.0 | | |

Q8 **Како го решивте проблемот?**

| | | Фреквенција | Проценти | Валидни проценти | Кумулативни проценти |
|---|---|---|---|---|---|
| | ***4 Пријател ми помогна*** | 4 | 3.7 | 100.0 | 100.0 |
| Мисинг | варијабли | 104 | 96.3 | | |
| Тотал | | 108 | 100.0 | | |

Q9 **Дали ја користевте симулацијата за тестирање?**

| | | Фреквенција | Проценти | Валидни проценти | Кумулативни проценти |
|---|---|---|---|---|---|
| | ***1 Да*** | 42 | 38.9 | 43.3 | 43.3 |
| | ***2 Не*** | 55 | 50.9 | 56.7 | 100.0 |
| | Тотал | 97 | 89.8 | 100.0 | |
| Мисинг | варијабли | 11 | 10.2 | | |
| Тотал | | 108 | 100.0 | | |

Q10 **Какво е вашето мислење за неа (за апликацијата)?**

| | | Фреквенција | Проценти | Валидни проценти | Кумулативни проценти |
|---|---|---|---|---|---|
| | ***1 Беше корисна*** | 38 | 35.2 | 90.5 | 90.5 |
| | ***2 Не беше корисна*** | 4 | 3.7 | 9.5 | 100.0 |
| | Тотал | 42 | 38.9 | 100.0 | |
| Мисинг | варијабли | 66 | 61.1 | | |
| Тотал | | 108 | 100.0 | | |

Q11 **Зошто не ја користевте симулацијата?**

| | | Фреквенција | Проценти | Валидни проценти | Кумулативни проценти |
|---|---|---|---|---|---|
| | ***1 Не знаев дека има такво нешто*** | 27 | 25.0 | 49.1 | 49.1 |
| | ***2 Не ме интересираше*** | 28 | 25.9 | 50.9 | 100.0 |
| | Тотал | 55 | 50.9 | 100.0 | |
| Мисинг | варијабли | 53 | 49.1 | | |
| Тотал | | 108 | 100.0 | | |

Q12 **Според Вас, дали е лесно да се користи системот за пријавување онлајн?**

| | | Фреквенција | Проценти | Валидни проценти | Кумулативни проценти |
|---|---|---|---|---|---|
| | ***1 Многу лесно*** | 33 | 30.6 | 34.0 | 34.0 |
| | ***2 Лесно*** | 59 | 54.6 | 60.8 | 94.8 |
| | ***3 Малку тешко*** | 5 | 4.6 | 5.2 | 100.0 |
| | Тотал | 97 | 89.8 | 100.0 | |
| Мисинг | варијабли | 11 | 10.2 | | |
| Тотал | | 108 | 100.0 | | |

Q13 **Дали претходно сте аплицирале за работно место како државен службеник?**

| | | Фреквенција | Проценти | Валидни проценти | Кумулативни проценти |
|---|---|---|---|---|---|
| | ***1 Не*** | 61 | 56.5 | 56.5 | 56.5 |
| | ***2 Да*** | 47 | 43.5 | 43.5 | 100.0 |
| | Тотал | 108 | 100.0 | 100.0 | |

Q14 **Сметате ли дека овој систем е потранспарентен?**

| | | Фреквенција | Проценти | Валидни проценти | Кумулативни проценти |
|---|---|---|---|---|---|
| | ***1 Да*** | 30 | 27.8 | 63.8 | 63.8 |
| | ***2 Ист е како претходниот*** | 5 | 4.6 | 10.6 | 74.5 |
| | ***3 Помалку транспарентен*** | 4 | 3.7 | 8.5 | 83.0 |
| | ***9 Нема коментар*** | 8 | 7.4 | 17.0 | 100.0 |
| | Тотал | 47 | 43.5 | 100.0 | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Мисинг | варијабли | 61 | 56.5 | | |
| Тотал | | 108 | 100.0 | | |

Q15 **Дали беше лесно тестирањето од технички аспект?**

| | | Фреквенција | Проценти | Валидни проценти | Кумулативни проценти |
|---|---|---|---|---|---|
| | ***1 Многу лесно*** | 9 | 8.3 | 8.3 | 8.3 |
| | ***2 Лесно*** | 34 | 31.5 | 31.5 | 39.8 |
| | ***3 Малку тешко*** | 4 | 3.7 | 3.7 | 43.5 |
| | ***4 Тешко*** | 2 | 1.9 | 1.9 | 45.4 |
| | ***5 Не бев на тестирање*** | 54 | 50.0 | 50.0 | 95.4 |
| | ***9 Нема коментар*** | 5 | 4.6 | 4.6 | 100.0 |
| | Тотал | 108 | 100.0 | 100.0 | |

Q16 **Дали им верувате на резултатите?**

| | | Фреквенција | Проценти | Валидни проценти | Кумулативни проценти |
|---|---|---|---|---|---|
| | ***1 Да*** | 43 | 39.8 | 39.8 | 39.8 |
| | ***2 Не*** | 6 | 5.6 | 5.6 | 45.4 |
| | ***3 Не бев на тестирање*** | 54 | 50.0 | 50.0 | 95.4 |
| | ***9 Нема коментар*** | 5 | 4.6 | 4.6 | 100.0 |
| | Тотал | 108 | 100.0 | 100.0 | |

Q17 **Зошто не им верувате на резултатите?**

| | | Фреквенција | Проценти | Валидни проценти | Кумулативни проценти |
|---|---|---|---|---|---|
| | ***2 Не верувам во системот*** | 6 | 5.6 | 100.0 | 100.0 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Мисинг | варијабли | 102 | 94.4 | | |
| Тотал | | 108 | 100.0 | | |

Q18 **Дали се регистриравте во системот по тестирањето?**

| | | Фреквенција | Проценти | Валидни проценти | Кумулативни проценти |
|---|---|---|---|---|---|
| | ***1 Да*** | 21 | 19.4 | 42.9 | 42.9 |
| | ***2 Не*** | 28 | 25.9 | 57.1 | 100.0 |
| | Тотал | 49 | 45.4 | 100.0 | |
| Мисинг | варијабли | 59 | 54.6 | | |
| Тотал | | 108 | 100.0 | | |

Q19 **Зошто не се регистриравте во системот по тестирањето?**

| | | Фреквенција | Проценти | Валидни проценти | Кумулативни проценти |
|---|---|---|---|---|---|
| | ***1 Не знаев дека можам*** | 19 | 17.6 | 67.9 | 67.9 |
| | ***2 Не знам како*** | 5 | 4.6 | 17.9 | 85.7 |
| | ***3 Немам постојан интернет пристап*** | 1 | .9 | 3.6 | 89.3 |
| | ***4 Не ме интересира*** | 3 | 2.8 | 10.7 | 100.0 |
| | Тотал | 28 | 25.9 | 100.0 | |
| Мисинг | варијабли | 80 | 74.1 | | |
| Тотал | | 108 | 100.0 | | |

Q20 **Дали имавте некакви технички проблеми, во било која фаза од користењето на системот од аплицирањето до тестирањето?**

| | | Фреквенција | Проценти | Валидни проценти | Кумулативни проценти |
|---|---|---|---|---|---|
| | ***1 Не*** | 47 | 43.5 | 95.9 | 95.9 |
| | ***2 Да*** | 1 | .9 | 2.0 | 98.0 |
| | ***4 Со веб-сајтот - понекогаш се брише содржината што ја внесуваш*** | 1 | .9 | 2.0 | 100.0 |
| | Тотал | 49 | 45.4 | 100.0 | |
| Мисинг | варијабли | 59 | 54.6 | | |
| Тотал | | 108 | 100.0 | | |

Q21 **Кога би аплицирале повторно за работа за која ги задоволувате критериумите, како би го сториле тоа?**

| | | Фреквенција | Проценти | Валидни проценти | Кумулативни проценти |
|---|---|---|---|---|---|
| | ***1 Преку интернет*** | 99 | 91.7 | 91.7 | 91.7 |
| | ***2 Преку пошта*** | 4 | 3.7 | 3.7 | 95.4 |
| | ***3 Лично*** | 2 | 1.9 | 1.9 | 97.2 |
| | ***4 Сеедно*** | 3 | 2.8 | 2.8 | 100.0 |
| | Тотал | 108 | 100.0 | 100.0 | |

Q22 **Сметате ли дека вашата апликација била објективно оценета?**

| | Фреквенција | Проценти | Валидни проценти | Кумулативни проценти |
|---|---|---|---|---|

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | ***1 Да*** | 75 | 69.4 | 69.4 | 69.4 |
| | ***2 Не*** | 11 | 10.2 | 10.2 | 79.6 |
| | ***9 Не знам*** | 22 | 20.4 | 20.4 | 100.0 |
| | Тотал | 108 | 100.0 | 100.0 | |

Q23 **Што најмногу ви се допадна во системот?**

| | | Фреквенција | Проценти | Валидни проценти | Кумулативни проценти |
|---|---|---|---|---|---|
| | ***1 Брзината*** | 29 | 26.9 | 26.9 | 26.9 |
| | ***2 Достапност во секое време*** | 5 | 4.6 | 4.6 | 31.5 |
| | ***3 Може да се проверат/видат многу работи*** | 2 | 1.9 | 1.9 | 33.3 |
| | ***4 Нема коментар*** | 22 | 20.4 | 20.4 | 53.7 |
| | ***5 Лесно е за пријавување, не морам да одам во пошта*** | 22 | 20.4 | 20.4 | 74.1 |
| | ***6 По разбирливо е*** | 6 | 5.6 | 5.6 | 79.6 |
| | ***7 Начин на организација*** | 6 | 5.6 | 5.6 | 85.2 |
| | ***8 Тестот е добар*** | 4 | 3.7 | 3.7 | 88.9 |
| | ***9 Се е во ред*** | 5 | 4.6 | 4.6 | 93.5 |
| | ***10 Регуларно е и објективно*** | 2 | 1.9 | 1.9 | 95.4 |
| | ***11 Се гледа дали си успешен*** | 1 | .9 | .9 | 96.3 |
| | ***12 Не се плаќа поштарина*** | 1 | .9 | .9 | 97.2 |
| | ***13 Подобро е електронски*** | 2 | 1.9 | 1.9 | 99.1 |
| | ***14 Поголем избор*** | 1 | .9 | .9 | 100.0 |
| | Тотал | 108 | 100.0 | 100.0 | |

Q24 **Што најмалку ви се допаѓа во системот?**

| | Фреквенција | Проценти | Валидни проценти | Кумулативни проценти |
|---|---|---|---|---|
| ***1 Не е веродостоен*** | 2 | 1.9 | 1.9 | 1.9 |
| ***2 Нема коментар*** | 69 | 63.9 | 63.9 | 65.7 |
| ***3 Несигурност дека е добиена апликацијата*** | 2 | 1.9 | 1.9 | 67.6 |
| ***4 Нема забелешки*** | 7 | 6.5 | 6.5 | 74.1 |
| ***5 Проблеми со веб-сајтот*** | 6 | 5.6 | 5.6 | 79.6 |
| ***6 Треба време, бавно е*** | 3 | 2.8 | 2.8 | 82.4 |
| ***7 Недоволни и неточни информации има на сајтот*** | 6 | 5.6 | 5.6 | 88.0 |
| ***8 Не се наоѓа лесно нов оглас онлајн*** | 2 | 1.9 | 1.9 | 89.8 |
| ***9 Како тече процесот на селектирање*** | 3 | 2.8 | 2.8 | 92.6 |
| ***10 Резултатите ги нема на интернет, долго се чека одговор*** | 4 | 3.7 | 3.7 | 96.3 |
| ***11 Да има повеќе можности за отворени прашања*** | 1 | .9 | .9 | 97.2 |
| ***12 Крајниот избор*** | 1 | .9 | .9 | 98.1 |
| ***13 Интервјуто*** | 1 | .9 | .9 | 99.1 |
| ***14 Нема можност да се прикачи документ за дополнување на апликација*** | 1 | .9 | .9 | 100.0 |
| Тотал | 108 | 100.0 | 100.0 | |